Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (13) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 29 април 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за уважување на приговор

1. Приговорот на Дијана Милеска УП2 09-71/24 од 14 февруари 2024 година против Фактура за испорачана електрична енергија бр. 1138388607 за период 11.07.2023-12.01.2024 година издадена од ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА.

2. Фактурата за испорачана електрична енергија бр. 1138388607 за период 11.07.2023-12.01.2024 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Се задолжува ЕВН ХОМЕ да овозможи исплата на повеќе рати.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Дијана Милеска до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: фактура за испорачана електрична енергија бр. 1138388607 за период 11.07.2023-12.01.2024 година издадена од ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје.

Жалителот потенцира дека поради нередовно читање има неправилна распределба на kWh во блокови 3 и 4, односно дека ако имало редовно читање не би преминала блок 2.

Според ЕВН ХОМЕ - направена е корекција и фактурите се сторнирани, со цел соодветна распределба на потрошената ЕЕ по блокови. Изготвена е нова фактура (сега приговараната). Доставен е и извештај од отчитување. Бидејќи корисникот имал извршено плаќање по дел од сторнираните фактури, уплатите се прекнижени по новата корегирана фактура.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 7 март 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-71/24 од 14 февруари 2024 година со прилог:

-Фактури за испорачана електрична енергија за јули, август, септември, октомври и ноември 2023 година

2. Одговор на Приговор и дополнителни докази од ЕВН од 20 февруари 2024 година со прилог:

-Приговараната фактура

-Извештај за отчитани состојби на броилото од 12 јануари 2024 година.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е основан.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–71/24**
**29 април 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**